20252695195

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

Бр. 08-74131
29 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 37/1997, 4/1998, 14/1999, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 88/2007, 102/2008, 161/2008, 162/2008, 50/10, 88/10, 171/10, 51/11, 86/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19, 103/21, 274/22 и 132/25), во член 53 по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Невработено лице кое е работно ангажирано согласно со Законот за работно ангажирање на лица, не го губи статусот на невработено лице и не се брише од евиденцијата на невработени лица за времетраењето на работното ангажирање.“.

Член 2

Во член 77 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Евидентираното невработено лице кое е ангажирано согласно со Законот за работно ангажирање на лица, не го губи правото на паричен надоместок согласно со овој закон и не се брише од евиденцијата на невработени лица.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.